1890 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧК

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 10 март 1989
БЕЛГРАД
БРОЈ 16 ГОД. XLV

Цена на овој број е 3.300 динари. – Аконтација на претплатата за 1989 година изнесува 77.300 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

176.

Врз основа на член 302 од Уставот на Социјалистичка Федеративне Републике Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на 9 март 1989 година донесе

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ И НА КАМАТИТЕ ПО ДЕВИЗНИТЕ ОБВРСКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија прогласува дека, до конечното донесување на закон според одредбите на Уставот на Социјалистичка Федеративна Републике Југославија, се применува Законот за привремени мерки за регулирање на курсните разлики и каматите по девизните обврски кај Народната банка на Југославија, во текстот за којшто во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 9 март 1989 година, гласаше мнозинството на сите делегати во Соборот.

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Број: 4
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ И НА КАМАТИТЕ ПО ДЕВИЗНИТЕ ОБВРСКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Со овој закон се регулира начинот на покритие на негативните курсни разлики и на каматите по девизните обврски кај Народната банка на Југославија, начинот на покритие на негативните курсни разлики и плаќањето на каматите по депонираното девизно штедење на граѓаните, како и начинот на враќањето на кредитот на Народната банка на Југославија, што овластените банки го користеле по основ на депонирање на девизното штедење на граѓаните.

Под курсни разлики и камати од став 1 на овој член се подразбираат:

1) курсните разлики и каматите по странските кредити и депозитите користени од името и за сметка на Народната банка на Југославија;

2) курсните разлики и каматите по основ на депонираното девизно штедење на граѓаните кај Народната банка на Југославија;

3) курсните разлики по странските конвертирани кредити во периодот од 1 јануари 1984 до 31 декември 1988 година.

Член 2

Под странски кредити и депозити од член 1 став 2 точка 1) на овој закон се подразбираат кредитите и депозитите што Народната банка на Југославија ги користела во странство врз основа на овластувања од посебни сојузни закони.

Член 3

Под депонирано девизно штедење од член 1 став 2 точка 2) на овој закон се подразбира состојбата на тоа штедење кај Народната банка на Југославија на 31 декември 1988 година, а што е извршена во периодот од 30 јуни 1978 до 14 октомври 1988 година ефективно и по пресметковен пат.

Член 4

Под странски кредити од член 1 став 2 точка 3) на овој закон се подразбираат кредитите на организациите на здружен труд добиени од меѓународни финансиски организации за делот што е конвертиран преку Народната банка на Југославија во периодот од 1 јануари 1984 до 31 декември 1988 година според посебните договори според кои Народната банка на Југославија е должна девизите за отплата да ги продаде според курсот на конвертирање.

Член 5

Курсните разлики од член 1 став 2 точка 1) на овој закон се утврдуваат на 31 декември 1988 година и се разграничуваат на периодот на втасување, а ги намирува Народната банка на Југославија од своите приходи.

Курсните разлики од член 1 став 2 точка 2) на овој закон се утврдуваат на 31 декември 1988 година и претставуваат пресметковно побарување на Народната банка на Југославија од федерацијата.

Курсните разлики од член 1 став 2 точка 3) на овој закон ги товарат пресметковно организациите на здружен труд што се корисници на кредитите, а делот содржан во отплатите во тековната година го намирува Народната банка на Југославија од своите приходи.

Член 6

Побарувањата на Народната банка на Југославија од федерацијата од член 5 став 2 на овој закон се валоризираат во согласност со движењето на курсот на динарот. Федерацијата е должна на Народната банка на Југославија да ѝ го надомести и износот на реално исплатената камата. Височината на каматата се определува според просекот на каматите во земјите на домицилните валути.

Член 7

Износот на кредитите што овластените банки ги користат кај Народната банка на Југославија по основа на депонираното девизно штедење на граѓаните на 30 ноември 1988 година се изедначува според третманот со другите кредити дадени од страна на Народната банка на Југославија од примарната емисија, врз кои се применува есконтна стапка.

Член 8

Федерацијата е должна да ги намирува реализираните негативни курсни разлики и каматите според обврските од член 1 став 2 точка 2) на овој закон, почнувајќи од 1 јануари 1989 година, и тоа:

– по повлекувањето на девизното штедење за нето износот на намалувањето на тоа штедење кај одделни банки според месечните состојби;

– по преостанатото депонирано девизно штедење кон крајот на секое тримесечје за припаѓачкиот дел на годишната камата.

Доколку федерацијата не обезбеди доволни средства за намирување на обврските од став 1 на овој член, за износот што недостига ќе се задолжи кај Народната банка на Југославија до истекот на календарската година.

Член 9

Федерацијата обезбедува средства за покритие на курсните разлики и на каматите од член 1 на овој закон од следните извори:

– од дел од царините и другите увозни давачки;

– од дел од даноците, таксите и другите приходи на федерацијата,

– од придонесот на републиките и на автономните покраини,

– од задолжувањето на федерацијата во земјата и во странство.

Придонесот на одделни републики и автономни покраини за расходите по основ на девизното штедење на граѓаните се утврдува сразмерно со депонираното девизно штедење на банките од територијата на односните републики и автономни покраини на 31 декември претходната година.

Член 10

Заради утврдување на обврските на федерацијата по основ на намирување на долг спрема Народната банка на Југославија и плаќање на каматите според тој долг, како и заради утврдување на изворите што ќе се користат во определен износ за тие намени, се донесува одлука за претсметка на приходите и расходите за намирување на обврските на федерацијата спрема Народната банка на Југославија од чл. 5 и 6 на овој закон.

Одлуката од став 1 на овој член ја донесува Собранието на СФРЈ на предлог од Сојузниот извршен совет. Со оваа одлука се утврдува и височината на каматата што Народната банка на Југославија им ја плаќа на банките по основ на депонираното девизно штедење, согласно со одредбите од член 6 на овој закон.

Член 11

Стручните, техничките и административните работи околу спроведувањето на овој закон ги врши Народната банка на Југославија.

Народната банка на Југославија од својот биланс на состојбата и од билансот на успехот ќе ги издвои побарувањата и обврските спрема федерацијата по основ на одредбите од овој закон и ќе ги искажува одвоено.

Член 12

Одредбите на чл. 6 до 9 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 1989 година.

Член 13

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

177.

Врз основа на член 302 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на 9 март 1989 година донесе

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ПРЕТСМЕТКАТА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА СПРЕМА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија прогласува дека, до конечното донесување на закон според одредбите на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се применува Законот за привремени мерки за претсметка на приходите и расходите за намирување на обврските на федерацијата спрема Народната банка на Југославија во 1989 година, во текстот за којшто во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 9 март 1989 година, гласаше мнозинството на сите делегати во Соборот.

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Број: 5
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ПРЕТСМЕТКАТА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА СПРЕМА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Приходите на претсметката на приходите и расходите за намирување на обврските на федерацијата спрема Народната банка на Југославија за периодот од 1 јануари до 31 декември 1989 година се утврдуваат во износ од 1.922,9 млрд. динари.

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат од следните извори:

1. од делот од царините и од другите увозни давачки ..... 1.629,9 млрд. динари
2. од придонесот на републиките и на автономните покраини ..... 293,0 млрд. динари

Член 2

Расходите на претсметката на приходите и расходите за намирување на обврските на федерацијата спрема На-

родната банка на Југославија за периодот од 1 јануари до 31 декември 1989 година се утврдуваат во износ од 1.922,9 млрд. динари.

Средствата од став 1 на овој член ќе се користат за следните расходи:

1. камати според девизното штедење — 1.922,9 млрд. динари
2. нето намалување на девизното штедење

Член 3

Приходите од член 1 на овој закон се утврдуваат во процентот утврден во сојузниот закон со кој се утврдуваат приходите на федерацијата што во 1989 година се користат за потребите на стопанството и се пренесуваат на посебна сметка кај Народната банка на Југославија и над утврдениот износ.

Член 4

Народната банка на Југославија ги извршува расходите според утврдените законски обврски и над износот утврден со претсметката.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

178.

Врз основа на член 302 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на 9 март 1989 година донесе

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ВРАЌАЊЕТО НА КРЕДИТИТЕ И ДРУГИТЕ ПЛАЌАЊА НА ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА СР МАКЕДОНИЈА, СР ЦРНА ГОРА И САП КОСОВО

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија прогласува дека, до конечното донесување на закон според одредбите на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се применува Законот за привремени мерки за измени и дополненија на Законот за одлагање на враќањето на кредитите и другите плаќања на овластените банки од територијата на СР Македонија, СР Црна Гора и САП Косово, во текстот за кој што во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 9 март 1989 година, гласаше мнозинството на сите делегати во Соборот.

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Број: 6
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ВРАЌАЊЕТО НА КРЕДИТИТЕ И ДРУГИТЕ ПЛАЌАЊА НА ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА СР МАКЕДОНИЈА, СР ЦРНА ГОРА И САП КОСОВО

Член 1

Во Законот за одлагање на враќањето на кредитите и другите плаќања на овластените банки од територијата на СР Македонија, СР Црна Гора и САП Косово („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/87) во член 3 став 1 во петтиот ред зборовите: „31 декември 1986" се заменуваат со зборовите: „15 јуни 1988", зборовите: „во десет еднакви полугодишни рати" се заменуваат со зборовите: „во десет еднакви годишни рати", а зборовите: „30 септември 1987" се заменуваат со зборовите: „31 декември 1988".

Член 2

Во член 4 став 1 зборовите: „31 декември 1986" се заменуваат со зборовите: „30 јуни 1988".

Член 3

Во член 5 став 1 зборовите: „во рок од три години, во три еднакви рати" се заменуваат со зборовите: „во рок од шест години во шест еднакви годишни рати", а зборовите: „31 март 1988" се заменуваат со зборовите: „31 март 1989".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

179.

Врз основа на член 302 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на 9 март 1989 година донесе

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ, КАМАТИТЕ И ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ НАСТАНАТИ ПО ОСНОВ НА УВОЗОТ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД 1980 ГОДИНА И ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ НАФТОВОД

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија прогласува дека, до конечното донесување на закон според одредбите на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се применува Законот за привремена мерка за измени и дополненија на Законот за условите и начинот на обезбедување и користење на средствата за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод, во текстот за кој што во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалилстичка Федеративна Ре-

публика Југославија, на седницата од 9 март 1989 година, гласаше мнозинството на сите делегати во Соборот.

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Број: 7
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ, КАМАТИТЕ И ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ НАСТАНАТИ ПО ОСНОВ НА УВОЗОТ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД 1980 ГОДИНА И ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ НАФТОВОД

Член 1

Во Законот за условите и начинот на обезбедување и користење на средствата за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/88) во член 7 во точка 3 по зборовите: „во цените на нафтените деривати", се додаваат зборовите: „до 31 декември 1988 година".

Во точка 4 по зборовите: „отплата на кредитите" се додаваат зборовите: „до 31 декември 1988 година".

Во точка 7 по зборот: „нафтовод" се додаваат зборовите: „до 31 декември 1988 година".

Член 2

По член 9 се додава нов член 9а, кој гласи:

„Член 9а

Ако комисијата од член 9 на овој закон со контрола на документацијата за остварувањето на правата од член 7 на овој закон утврди дека на организацијата на здружен труд или на банката и се исплатени повеќе средства, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите ќе издаде решение за враќање на повеќе уплатени средства на посебна сметка на тој орган.

Ако организацијата на здружен труд или банката во рокот утврден со решението од став 1 на овој член не ги уплати повеќе исплатените средства, надлежната служба на општественото книговодство, по налог од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, ќе го пренесе вишокот на средствата на посебна сметка на тој орган.".

Член 3

По член 17 се додава нов член 17а кој гласи:

„Член 17а

Законот за условите и начинот на обезбедување и користење на средствата за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/88), престанува да важи со исплата на средствата во износ до 846.000,000.000 динари во 1989 година.".

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

180.

Врз основа на член 302 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на 9 март 1989 година донесе

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ПРЕТСМЕТКА НА СРЕДСТВАТА ЗА 1989 ГОДИНА ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ, КАМАТИТЕ И ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ НАСТАНАТИ ПО ОСНОВА НА УВОЗОТ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1980 ГОДИНА И ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ НАФТОВОД

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија прогласува дека, до конечното донесување на закон според одредбите на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се применува Законот за привремена претсметка на средствата за 1989 година за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати во периодот од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод, во текстот за којшто во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 9 март 1989 година, гласаше мнозинството на сите делегати во Соборот.

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Број: 8
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНА ПРЕТСМЕТКА НА СРЕДСТВАТА ЗА 1989 ГОДИНА ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ, КАМАТИТЕ И ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ НАСТАНАТИ ПО ОСНОВ НА УВОЗОТ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1980 ГОДИНА И ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ НАФТОВОД

Член 1

Со овој закон се утврдува претсметката на средствата за 1989 година за покритие на курсните разлики, кама-

тите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати од 1980 година и за покритие на курсните разлики по основ на враќањето на странските кредити што се користени за изградба на Југословенскиот нафтовод, во периодот од 1980 до 31 декември 1988 година во износ од 846,000.000,000 динари.

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон ќе ги користат корисниците од член 7 на Законот за условите и начинот на обезбедување и користење на средствата за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод (во натамошниот текст: Законот) за намените утврдени во тој член, во процент од износот од член 1 на овој закон, и тоа:

1) корисниците од член 7 точка 1 на Законот — 4,84%
2) корисниците од член 7 точка 2 на Законот — 6,03%
3) корисниците од член 7 точка 3 на Законот — 54,23%
4) корисниците од член 7 точка 4 на Законот — 5,60%
5) корисниците од член 7 точка 5 на Законот — 4,18%
6) корисниците од член 7 точка 6 на Законот — 19,59%
7) корисниците од член 7 точка 7 на Законот — 5,54%.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

181.

Врз основа на член 302 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на 9 март 1989 година донесе

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС НА ДЕЛОТ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ШТО ВО 1989 ГОДИНА СЕ КОРИСТАТ ЗА НАМЕНИ ВО РАМКИТЕ НА СЕЛЕКТИВНАТА ПРОГРАМА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЗА НИВНОТО КОРИСТЕЊЕ

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија прогласува дека, до конечното донесување на закон според одредбите на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се применува Законот за привремени мерки за обезбедување средства за регрес на делот од каматата на кредитите што во 1989 година се користат за намени во рамките на селективната програма во земјоделството и за нивното користење, во текстот за којшто во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 9 март 1989 година, гласаше мнозинството на сите делегати во Соборот.

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Број: 9
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ШТО ВО 1989 ГОДИНА СЕ КОРИСТАТ ЗА НАМЕНИ ВО РАМКИТЕ НА СЕЛЕКТИВНАТА ПРОГРАМА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЗА НИВНОТО КОРИСТЕЊЕ

Член 1

Со овој закон се утврдуваат условите и начинот на обезбедување средства за регрес на дел од каматата на кредитите (во натамошниот текст: регрес) за општествено-организираното производство, за залихи и резерви на основни земјоделски и прехранбени производи, и тоа на пченица, пченка, шеќерна репка и шеќер, оризова арпа и ориз, маслодајни култури (вклучувајќи ја и сојата), сурово масло и тутун; за гоење на добиток (говеда,свињи и овци) и гоење на живина и риби; за одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи и овци); за производство на млеко; за залихи на трпезно грозје и јаболка во ладилници; за залихи во винарските визби на општествениот сектор; за залихи на млечни производи (вклучувајќи и млеко во прав); за залихи на месо во ладилници и за производство и залихи на вештачки ѓубрива (во натамошниот текст: селективна програма на кредитирањето), како и условите и начинот на користењето на тие средства.

Правото на регрес се остварува на кредитите од примарната емисија и од кредитниот потенцијал на банките за намените од став 1 на овој член, користени во текот на 1989 година (во натамошниот текст: вкупни кредити).

Член 2

Височината на регресот се утврдува во процент од износот на каматата пресметана по есконтната стапка на Народната банка на Југославија на износот на користениот вкупен кредит од член 1 став 2 на овој закон, и тоа:

1) за производство и залихи на пченица, пченка, шеќерна репка и шеќер, маслодајни култури (вклучувајќи ја и сојата), сурово масло, оризова арпа и ориз, тутун и вештачки ѓубрива, во височина од 20%;

2) за гоење на добиток (говеда, свињи, и овци); за гоење на живина и риби; за одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи и овци); за производство на млеко; за резерви на пченица, пченка, шеќер, ориз, сурово масло, тутун, месо и млеко во прав, во височина од 40%;

3) за залихи на трпезно грозје и јаболка во ладилници, залихи на вино во винарските визби на општествениот сектор; залихи на млечни преработки (вклучувајќи и млеко во прав) и залихи на месо во ладилници, во височина од 10%.

Член 3

Право на регрес остваруваат организациите на здружен труд односно претпријатијата, задругите и другите форми на здружување на земјоделците, како и земјоделските стопанства за договореното производство, кои согласно со прописите ги користат кредитите во кои учествува примарната емисија (во натамошниот текст: корисници на правото на регрес), и тоа:

1) корисници на правото на регрес:

– за производство на пченица, пченка, шеќерна репка, оризова арпа, маслодајни култури (вклучувајќи ја и сојата), тутун, млеко и вештачки ѓубрива.

– за гоење на добиток (говеда, свињи и овци) и гоење на живина и риби;

– за одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи и овци) во сопствени објекти и во објекти на индивидуалните земјоделски производители што се регистрирани и што се занимаваат со тоа одгледување;

2) корисници на правото на регрес – за залихи, и тоа на:

– меркантилна пченица – што имаат мелници;

– меркантилна пченка – кои се занимаваат со гоење на добиток (говеда, свињи и овци); гоење на живина и риби; одгледување на расен приплоден подмладок во сточарството (говеда, свињи и овци) и индустриска преработка односно доработка на пченка;

– грозје и јаболка – кои се занимаваат со производство и промет на големо со тие производи, за количествата складирани во ладилници;

– месо – корисници на правото на регрес на кланичната индустрија односно кои се занимаваат со промет на месо на големо;

– вина во винарските визби – корисници на правото на регрес кои се занимаваат со производство на вино;

– за залихи на други производи од член 1 став 1 на овој закон – кои се занимаваат со преработка односно доработка и со промет на големо со тие производи;

3) организации за стоковни резерви на општествено-политичките заедници – за производите од член 1 став 1 на овој закон.

Член 4

Правото на регрес се остварува врз основа на потврда од банката за платена камата по кредитите користени во согласност со одредбите на член 1 од овој закон.

Член 5

Федерацијата од изворните приходи обезбедува средства за регрес за намените од член 1 на овој закон во височина од 208,700.000.000 динари.

Член 6

Средства за регрес се обезбедуваат од:

1) придонесот на републиките и на автономните покраини, во износ од 417.300,000.000 динари;

2) приходите на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини по основ на каматите на кредитите од примарната емисија за селективната програма во земјоделството, во износ на разликата помеѓу диференцираните каматни стапки утврдени со Одлуката за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1989 година и економската стапка на Народната банка на Југославија.

Средствата за регрес од став 1 точка 2 на овој член народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ќе ѝ ги уплатуваат на Народната банка на Југославија во 12 рати што втасуваат последниот ден во месецот. Првата рата втасува на 31 март 1989 година, а последната на 28 февруари 1990 година.

Член 7

Републиките и автономните покраини обезбедуваат средства за регрес врз основа на учеството на одделни републики и автономни покраини во вкупниот општествен производ на вкупното стопанство на Југославија во 1987 година – според принцип на чисти дејности, и тоа:

	Динари
1. СР Босна и Херцеговина	55.125,330.000
2. СР Македонија	22.617,660.000
3. СР Словенија	79.287,000.000
4. СР Србија	92.306,760.000
5. САП Војводина	43.524,390.000
6. САП Косово	9.430,980.000
7. СР Хрватска	107.079,180.000
8. СР Црна Гора	7.928,700.000

Член 8

Средствата за регрес ќе ѝ ги уплатуваат народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини на Народната банка на Југославија, сразмерно со учеството на користените кредити од примарната емисија за селективната програма во земјоделството, на начинот што ќе го утврди Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија.

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини се должни износот на средствата од став 1 на овој член да ѝ го уплатат на Народната банка на Југославија во роковите утврдени во член 6 став 2 на овој закон.

Член 9

Средствата за регрес од член 6 став 1 точка 1 на овој закон републиките и автономните покраини ќе ги уплатат во 12 еднакви рати што втасуваат последниот ден во месецот. Првата рата втасува на 31 март 1989 година, а последната на 28 февруари 1990 година.

Во согласност со член 8 од овој закон, средствата за регрес од член 6 став 1 точка 2 на овој закон Народната банка на Југославија ќе ги уплати во 12 рати што втасуваат наредниот ден од рокот утврден во член 6 став 2 на овој закон. Првата рата втасува на 1 април 1989 година, а последната на 1 март 1990 година.

Член 10

Средствата од чл. 5 и 6 на овој закон ќе се уплатуваат на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството кај Службата на општественото книговодство под назив: „Средства за регрес на дел од каматите на кредитите за селективната програма на кредитирање".

Ако републиката односно автономната покраина не го уплати утврдениот износ на средствата за регрес во роковите од член 9 став 1 на овој закон, Службата на општественото книговодство, по налог од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, во рок од пет дена од денот на приемот на налогот, ќе го пренесе износот на неуплатените средства од сметката на буџетот на републиката односно буџетот на автономната покраина на сметката од став 1 на овој член.

Член 11

Корисниците на кредитот од член 3 на овој закон поднесуваат барање за регрес, со пресметка и со потребна документација до Службата на општественото книговодство кај која се води нивната жиро-сметка.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, ќе донесе пропис за начинот на доставувањето на пресметката и за потребната документација за остварување на правото на регрес.

Службата на општественото книговодство, врз основа на поднесеното барање на корисникот на кредитот, кога ќе утврди дека се исполнети сите услови за остварување на регрес, ќе го исплати регресот врз товар на сметката од член 10 став 1 на овој закон.

Член 12

На износот на втасаните а ненамирени парични обврски според одредбите на овој закон не се плаќа камата.

Член 13

Со парична казна од 4,500.000 до 45,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд претпријатие, задруга или друго правно лице ако оствари регрес врз товар на средствата за регрес на кој немало право според одредбите на овој закон (член 3).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд, претпријатието, задругата или во друго правно лице со парична казна од 45.000 до 2,500.000 динари.

Член 14

Заради намирување на обврските по основ на регресот на дел од каматата на кредитите користени во 1988 година се обезбедуваат средства во износ од 403.000,000.000 динари.

Средствата од став 1 на овој член ќе ги обезбедат, и тоа:

1) федерацијата од изворните приходи во износ од 134.300,000.000 динари;

2) републиките и автономните покраини од придонесот во износ од 268.700,000.000 динари.

Член 15

Средствата од член 14 на овој закон ќе се уплатат во три еднакви рати што втасуваат на 15 март, 15 април и 15 мај 1989 година.

Член 16

Учеството на републиките и на автономните покраини во обезбедувањето на потребните средства за регрес на дел од каматата по кредитите користени во 1988 година се утврдува сразмерно со учеството на одделни републики и автономни покраини во вкупниот општествен производ на вкупното стопанство на Југославија во 1986 година – според принципот на чисти дејности, и тоа:

	Динари
1. СР Босна и Херцеговина	36.838,770.000
2. СР Македонија	15.477,120.000
3. СР Словенија	47.344,940.000
4. СР Србија	62.284,660.000
5. САП Војводина	28.132,890.000
6. САП Косово	6.475,670.000
7. СР Хрватска	66.556,990.000
8. СР Црна Гора	5.588,960.000

Член 17

Средствата од член 14 став 1 на овој закон ќе се уплатат на посебната сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството кај Службата на општественото книговодство под назив: „Средства за регрес на дел од каматите на кредитите за селективната програма во земјоделството (број на сметката: 60815-849-2031)."

Член 18

Одредбата на член 1 став 2 од овој закон, што се однесува на кредитите од кредитниот потенцијал на банките, за намените од став 1 на тој член, се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 19

За кредитите од примарната емисија, за намените од член 1 став 1 на овој закон, што се во користење на денот на влегувањето на овој закон во сила, до истекот на договорот за нивното користење, во поглед на каматните стапки ќе се применува одредбата на точка 6 став 1 од Одлуката за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1989 година.

По кредитите од примарната емисија по кои корисниците на правото на регрес договориле и платиле камата пресметана по диференцираните каматни стапки не може да се оствари правото на регресот утврден со овој закон.

Член 20

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

182.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Се прогласува Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1989 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 919
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Рајф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1989 година се утврдува во износ од 20,637.402,400.000 динари.

Член 2

Средства за делумно покритие на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1989 година ќе се обезбедат од изворните приходи на федерацијата во износ од 18,205.402,400.000 динари.

Член 3

Разликата помеѓу вкупниот обем на расходите од член 1 на овој закон и износот на изворните приходи на федерацијата од член 2 на овој закон, во износ од 2,432.000,000.000 динари, ќе се обезбеди од придонесот на републиките и на автономните покраини.

Член 4

Обврските на федерацијата по основ на отплатата на кредитите и каматите на кредитите користени за финансирање во 1979 година, врз основа на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78), во 1980 година врз основа на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79) и во 1981 година врз основа на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80); обврските на федерацијата по основ на Законот за обезбедување дел од средствата за финансирање на сојузните стоковни резерви на индустриски производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/84, 33/85) и на Законот за измена и дополнение на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/85) и обврските на федерацијата по девизното задолжување на федерацијата од 1983 година ќе се исплатат во 1993 година во износите кои требаше да се исплатат во 1989 година.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

183.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за финансирање на федерацијата, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 920
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за финансирање на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 71/85, 71/86, 10/88 и 31/88) член 10 се менува и гласи:

„Заради следење на остварувањето на политиката утврдена со општествениот план на Југославија и заради согледување на остварувањето на функциите на федерацијата и на заедничките потреби што се остваруваат на ниво на федерацијата, истовремено со донесувањето на буџетот на федерацијата, на Собранието на СФРЈ му се поднесува и преглед на вкупните средства и обврски на федерацијата, со потребната документација.

Прегледот на вкупните средства и обврски на федерацијата ги опфаќа вкупните средства на буџетот на федерацијата, средствата за сојузни стоковни резерви, средствата за поттикнување и унапредување на надворешнотрговската размена и на други економски односи со странство, средствата за интервенции во стопанството на домашниот пазар, средствата на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој и средствата за намирување на обврските по договорите што ќе ги склучат републиките и автономните покраини, според изворите и распоредот на тие средства на одделни намени.

Сојузниот извршен совет ќе го пропише начинот на составување на прегледот на вкупните средства и обврски на федерацијата, како и потребната документација што се поднесува кон тој преглед.".

Член 2

Во член 12 точка 4 и во член 18 зборот: „воените" се брише.

Член 3

Во член 33 став 2 точ. 1 до 5 се менуваат и гласат:

„1) моторен бензин
- МБ-86 ..... 88,132%
- МБ-98 ..... 88,082%
- БМБ-95 ..... 87,523%

2) гасно масло-дизел гориво:
- Д-1 ..... 89,532%
- Д-2 ..... 89,220%
- Д-3 ..... 88,895%

3) масло за горење екстра лесно (ЕЛ) 79,568%
4) масло за горење лесно специјално (ЛС).. 79,843%
5) други масла за горење (Л, С, СНС, Т и ТНС)..... 90,021%.".

Член 4

По исклучок од одредбата на член 33 став 1 од Законот за финансирање на федерацијата, во 1989 година на федерацијата и припаѓа износ од наплатениот приход од основниот данок на промет на тутун, од територијата на републиките и на автономните покраини, во следните проценти, и тоа:

1. СР Босна и Херцеговина 59,33%
2. СР Македонија 34,75%
3. СР Словенија 66,85%
4. СР Србија 59,71%
5. САП Војводина 64,78%
6. САП Косово 52,68%
7. СР Хрватска 64,07%
8. СР Црна Гора ..... 57,45%".

Член 5

По исклучок од одредбата на член 62а од Законот за измени и дополненија на Законот за финансирање на федерацијата, по Завршната сметка на Буџетот на федерацијата за 1988 година дел од вишокот на приходите на буџетот на федерацијата ќе се насочи за:

1) намирување на дел од ненамирените обврски спрема Југословенската народна армија до износот од 430,6 милијарди динари;

2) намирување на обврските на федерацијата по основ на каматите што втасале за плаќање во 1988 година по кредитите што федерацијата ги користеше кај Народната банка на Југославија, врз основа на член 30 од Законот за финансирање на федерацијата, и тоа: по договорите бр. 217, 202, 203, 204 и 205.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

184.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ПРЕТСМЕТКА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАНСКИ КРЕДИТИ ЗА 1989 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремен претсметка на приходите и расходите на курсните разлики по определе-

ни странски кредити за 1989 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 922
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНА ПРЕТСМЕТКА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАНСКИ КРЕДИТИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Приходите на претсметката на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1989 година се утврдуваат во износ од 1.404 млрд. динари.

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат од:

1) делот на царината и другите увозни давачки ..... 1.124 млрд динари;
2) придонесот на републиките и на автономните покраини ..... 280 млрд. динари.

Член 2

Расходите на претсметката на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1989 година се утврдуваат во износ од 1.404 млрд. динари.

Средствата од став 1 на овој член ќе се користат за:

1) делумно покритие на курсните разлики по странските конвертирани кредити ..... 790 млрд. динари;
2) делумно покритие на реализираните курсни разлики по странските стоковни кредити .. 464 млрд. динари;
3) покритие на курсните разлики по проектот „Фени", Кавадарци ..... 80 млрд. динари;
4) покритие на курсните разлики по конвенциските девизни обврски на Заедницата на југословенските железници ..... 20 млрд. динари
5) пренос на ненамирените обврски од 1988 година ..... 50 млрд. динари."

Член 3

Приходите на претсметката од член 1 на овој закон се утврдуваат во процент од приходите од царини и од други увозни давачки утврден во сојузниот закон со кој се утврдуваат приходите на федерацијата што во 1989 година се користат за потребите на стопанството, а се пренесуваат на посебна сметка кај Народната банка на Југославија и над утврдениот износ.

Член 4

Расходите на претсметката од член 2 на овој закон се намируваат врз основа на утврдените права и поднесените барања во согласност со Законот за покритие на курсните разлики по определени странски кредити („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86, 31/87, 49/87 и 3/88) и над утврдените износи, а до нивото на остварените приходи.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објувањето во „Службен лист на СФРЈ".

185.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ЗАРАДИ ВРЕМЕНСКО ПРЕМОСТУВАЊЕ НА ПРИТЕКУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ШТО ВО 1988 ГОДИНА ГО ПОГОДИЈА ПОДРАЧЈЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Се прогласува Законот за привремени мерки за обезбедување на дел од средствата од примарната емисија заради временско премостување на притекувањето на средствата за отстранување на последиците од поплавите што во 1988 година го погодија подрачјето на Социјалистичка Република Србија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 927
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ЗАРАДИ ВРЕМЕНСКО ПРЕМОСТУВАЊЕ НА ПРИТЕКУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ШТО ВО 1988 ГОДИНА ГО ПОГОДИЈА ПОДРАЧЈЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Член 1

Заради временско премостување на притекувањето на средствата за отстранување на последиците од поплавите што во 1988 година го погодија подрачјето на Социјалистичка Република Србија, Народната банка на Југославија, преку Народната банка на Србија, ќе и одобри на Социјалистичка Република Србија кредит од примарната емисија во вкупен износ од 40.000,000.000 динари.

Член 2

Средствата на кредитот од член 1 на овој закон Социјалистичка Република Србија ќе ѝ ги врати на Народната банка на Југославија во пет еднакви годишни рати, што втасуваат за плаќање секоја година.

Првата рата втасува за плаќање на 15 декември 1989 година.

Член 3

На средствата на кредитот од член 1 на овој закон се плаќа камата по стапка од 8% годишно.

На кредитите што им ги даваат на организациите на здружен труд за намените од овој закон банките наплатуваат камата по стапка која не може да биде поголема од 9% годишно.

Член 4

Народната банка на Србија, во рок од 30 дена од денот на влегувањето на овој закон во сила ќе склучи договор со Социјалистичка Република Србија за користењето на средствата од член 1 на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

186.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 936
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕГРЕС ЗА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА, СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И КВАЛИТЕТНО СОРТНО СЕМЕ

Член 1

Во Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/86, 43/86 и 87/87) член 2 се менува и гласи:

„Средства за регрес се обезбедуваат врз основа на паритетот на цените на вештачките ѓубрива, на средства за заштита на растенијата и на квалитетно сортно семе, така што цената на вештачките ѓубрива (НПК 15:15:15) за земјоделските производители – крајни потрошувачи да изнесува приближно 80% од пазарната цена на пченицата од I класа.

Височината на регресот се утврдува секоја година во процент од продажните цени на вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе формирани во согласност со политиката на цените.

Процентот од став 2 на овој член односно вкупниот износ на средствата за регрес секоја година го утврдува Собранието на СФРЈ со свој акт, истовремено со донесувањето на буџетот на федерацијата.

Валоризација на средствата од став 3 на овој член ќе се врши со одлука на Собранието на СФРЈ, ако со економски оправданиот растеж на цените на вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе суштествено се наруши односот на цените од став 1 на овој член.

Со актот од став 3 на овој член се утврдува денот на кој важеле цените на вештачките ѓубрива, на средствата за заштита на растенијата и на квалитетното сортно семе, што служат како основица за пресметка на регресот.".

Член 2

По член 12 се додава член 12а, кој гласи:

„Член 12а

На износот на втасаните, а неисплатени парични обврски од овој закон не се плаќа камата.".

Член 3

Член 13 став 1 се менува и гласи:

„Со парична казна од 4,500.000 до 45.000.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата на здружен труд или друго правно лице ако оствари право на регрес врз товар на средствата за регрес при продажбата на вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе на што немала право според одредбите од овој закон.".

Во став 2 бројот: „50.000" се заменува со бројот: „25.000", а бројот: „500.000" со бројот: „2.500.000".

Член 4

По исклучок од одредбата на член 2 од Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе за 1989 година, Собранието на СФРЈ со овој закон ги утврдува средствата за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе во износ од 848.300,000.000 динари.

Регресот за вештачки ѓубрива изнесува 20%, за средства за заштита на растенијата 5%, а за квалитетно сортно семе 10% од продажните цени што важеле на 31 декември 1988 година.

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат и тоа една третина од изворните приходи на федерацијата во износ од 283.100,000.000 динари и две третини од придонесот на републиките и на автономните покраини во износ од 565.200,000.000 динари.

Придонесот од став 3 на овој член, по одделни републики и автономни покраини, изнесува:

	– Динари –
1. СР Босна и Херцеговина	74.662,920.000
2. СР Македонија	30.633,840.000
3. СР Словенија	107.388,000.000
4. СР Србија	125.022,240.000
5. САП Војводина	58.950,360.000
6. САП Косово	12.773,520.000
7. СР Хрватска	145.030,320.000
8. СР Црна Гора	10.738,800.000

Член 5

Одредбите на чл. 1 до 4 од овој закон се применуваат од 1 јануари 1989 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

187.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за обезбедување и користење на средствата за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 937
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Законот за обезбедување и користење на средствата за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 84/87) во член 11 став 1 зборовите: „првите три години", се заменуваат со зборовите: „првите четири години".

Член 2

Во член 52 на крајот, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а средствата за поттикнување за 1989 година се обезбедуваат во височина од 0,12% од проценетиот општествен производ на вкупното стопанство на Југославија за таа година, и тоа: 0,08% од изворните приходи на федерацијата и 0,04% од средствата на републиките и на автономните покраини.".

Член 3

Одредбата на член 2 од овој закон ќе с епримену̀ва од 1 јануари 1989 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

188.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи за периодот од 1987 до 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 8 март 1989 година.

П бр. 938
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи за периодот од 1987 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/87) по член 2 се додава член 2а, кој гласи:

„Член 2а

Средства од член 2 на овој закон што се обезбедуваат во Буџетот на федерацијата за 1989 година и во Буџетот на федерацијата за 1990 година ќе се валоризираат при утврдувањето на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1989 година односно 1990 година, во согласност со растежот на средствата за општа намена во Буџетот на федерацијата за 1989 година односно 1990 година во однос на Буџетот на федерацијата за 1988 година, со тоа што така валоризираниот износ не може да биде поголем од валоризацијата која би се извршила во однос на цените од ноември 1986 година според податоците на Сојузниот завод за статистика за движењето на цените на производите и услугите односно на цените на градежните услуги на делот од средствата што се обезбедува за изградба на објекти.".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

189.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА КРЕДИТНИТЕ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за кредитните односи со странство, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 949
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА КРЕДИТНИТЕ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

Член 1

Во Законот за кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85 и 38/86) во член 13 ставот 2 се менува и гласи:

„Организациите на здружен труд, банките овластени за работи со странство и другите општествени правни лица можат предвремено да ги намируваат обврските по странски кредити со динари во земјата, односно предвремено да ги отплатуваат спрема странство обрските по странски кредити, како и предвремено да ги наплатат односно во странство да ги продадат или заменат побарувањата од странство под условите од овој закон.".

По став 2 се додава став 3, кој гласи:

„Сојузниот извршен совет, на предлог од Народната банка на Југославија, го пропишува начинот на предвременото намирување и предвремената отплата на обврските по странските кредити.".

Член 2

По член 13 се додаваат чл. 13а, 13б, 13в, 13г, 13д, 13ѓ, 13е и 13ж, кои гласат:

„Член 13а

Обврските од член 13 став 2 на овој закон можат предвремено да се намират со уплата на динарската противвредност, според курсот на денот на уплатата, на банката овластена за работи со странство што склучила договор за кредит односно што издала гаранција по кредит.

Обврските од член 13 став 2 на овој закон можат предвремено да се намират со уплата на динарската противвредност на друго општествено правно лице кое ќе се обврзе да го преземе плаќањето спрема странство на обврските по кредитот (главницата, каматата и другите трошоци).

Меѓусебните права и обврски од ст. 1 и 2 на овој член се уредуваат со договор.

Член 13б

Организациите на здружен труд, банките овластени за работи со странство и другите општествени правни лица можат предвремено да ги отплатат спрема странство обврските по рефинансирани односно репрограмирани кредити со конверзија на долгот во динари, со конверзија на долгот за вредноста на извезените стоки и услуги, со конверзија на долгот за побарувања од странство, со конверзија на долгот за нови форми на обврски што се преземаат спрема странство, со конверзија на долгот за отстапување на правото на временско користење на туристички објект и со конверзија на долгот за влог во домашна организација на здружен труд, во банка или во друга финансиска организација (во натамошниот текст: конверзија).

Член 13в

Обемот на работите на конверзијата се утврдува со проекцијата на платниот биланс на Југославија.

Во случај кога пропорциите на платниот биланс на Југославија не се остваруваат во согласност со проекцијата на платниот биланс на Југославија, Народна банка на Југославија може привремено да ги запре одобрувањето и вршењето на работите на конверзија, чии ефекти се реализираат во тековната година;

Член 13г

Одобрување на работите на конверзија се врши врз основа на следниве критериуми:

1) височината на учеството во разликата (дисконтот) помеѓу пазарната цена и номиналната вредност на обврските по странските кредити;

2) учеството на готовинското плаќање во вредноста на договорената работа на конверзија.

Работи на извозот на стоки и услги со наплата во динари од конверзијата на долгот или со конверзија за долгот ќе се одобрат врз основа на критериумите од став 1 на овој член ако станува збор за извоз кој може да се оствари само при таква наплата или ако станува збор за редовен извоз, по услов порастот на вредноста на извозот на подносителот на барањето во тековната година да е поголем од порастот на извозот предивден со проекцијата на платниот биланс на Југославија, и тоа најмалку за износот на обврските по долгот кој со работа на конверзија предвремено се отплатува или под услов вредноста на извозот на подносителот на барањето да е поголема од просечно реализираната вредност на извозот во претходните три години и тоа за износот кој се определува при утврдувањето на обемот на работите на конверзија од член 13в став 1 на овој закон.

Предност во одобрувањето на работите на конверзија заради предвремена отплата на своите обврски по странски кредити, под исти услови врз основа на критериумите од став 1 на овој член имаат организациите на здружен труд, банките овластени за работи со странство и другите општествени правни лица од територите на републиките и на автономните покраини, чија задолженост е поголема од просечната задолженост на земјата, како и други општествени правни лица чија надворешна задолженост е поголема од просечната задолженост на земјата. При работите на извоз на стоки и услуги со наплата во динари од конверзија на долгот или со конверзија за долгот, ако станува збор за редовен извоз, услов е порастот на вредноста на извозот на подносителот на барањето во тековната година да е поголем од порастот на извозот предвиден со проекцијата на платниот биланс на Југославија и тоа најмалку за износот кој одговара на една половина од обврските по долгот кој со работа на конверзија се отплатува предвремено.

Начинот на примената на критериумите од овој член, во смисла, на нивното диференцирање според одделни форми на работите на конверзија, поблиску се разработува со приписот од член 13 став 3 на овој закон.

Член 13д

Работите на конверзија по барање на субјектите од член 13б на овој закон ги одобрува Народната банка на Југославија.

Народната банка на Југославија ги одобрува работите на конверзија по претходно прибавено мислење од со-

јузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите и од сојузниот орган на управата надлежен за работи на економските односи со странство.

Органите од став 2 на овој член се должни да достават мислење до Народната банка на Југославија во рок од 15 дана од денот на приемот на барањето за давање мислење.

Народната банка на Југославија е должна да ги реши барањата од став 1 на овој член најдолго во рок од 30 дена од денот на приемот на барањата.

Член 13ѓ

Работи на конверзија вршат банките овластени за работи со странство и Народната банка на Југославија.

Работи на конверзија на долгот во динари банките овластени за работи со странство и Народната банка на Југославија вршат од динарските средства примени по основ на предвременото намирување на обврските по странски кредити од член 14а на овој закон.

Народната банка на Југославија може со склучување на работи на конверзија од свое име и за своја сметка или со вршење на работи на конверзија на долгот во динари предвремено да ги отплатува обврските по странските кредити што ги користела од свое име и за своја сметка во рамките предвидени со актите со кои се утврдуваат целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика и се утврдува проекцијата на платниот биланс на Југославија.

Народната банка на Југославија може да врши работи на конверзија од свое име и за сметка на федерацијата или од името и за сметка на федерацијата врз основа на сојузниот закон од член 34 став 1 на овој закон и на буџетот на федерацијата.

Член 13е

Работите на конверзија склучени без одобрение од Народната банка на Југославија и работите што се реализираат под поинакви услови од условите од одобрението на Народната банка на Југославија се сметаат како ништовни.

Член 13ж

Со работи на конверзијата предвремено се отплатуваат обврските по странски кредити на организациите на задружен труд и на други општествени правни лица што и положиле динари во согласност со одредбите на член 13а од овој закон на банката овластена за работи со странство која врши конверзија или која со работа на конверзија наплатува извоз на стоки и услуги, побарување од странство или влог во домашна организација на здружен труд, во банка или во друга финансиска организација.

Ако не е можно со работи на конверзија предвремено да се отплатат обврските по странски кредити на организациите на здружен труд и на другите општествени правни лица од став 1 на овој член, предвремено се отплатуваат спрема странство обврските по кредити на други организации на здружен труд и на други општествени правни лица чии обврски за плаќање во земјата остануваат неизменети спрема банката овластена за работи со странство која издала гаранција или склучила договор за странски кредит.

Ако со работите на конверзија од став 2 на овој член предвремено се отплатат спрема странство обврските по странски кредити на организација на здружен труд или на општествено правно лице од друга банка овластена за работи со странство, односите помеѓу тие организации на здружен труд или банките се уредуваат со договор.".

Член 3

Во член 15 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 алинеја 6 од овој член, организациите на здружен труд што имаат подолг производствен процес од една година или организациите на здружен труд што имаат верификувани програми за економско-финансиска консолидација во согласност со Законот за одлагање на враќањето на ануитетите по кредитите дадени на организации на здружен труд од територијата на СР Црна Гора, СР Македонија и САП Косово од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, што втасуваат во периодот од 1987 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/87) или организациите на здружен труд што не ги намируваат втасаните обврски во земјата самостојно во смисла на член 14 од Законот за финансиското работење („Службен лист на СФРЈ", 10/89), но ги намируваат заеднички со друга организација на здружен труд, можат да земаат кредити во странство под услов банката овластена за работи со странство која издала гаранција да ја преземе обврската за уредна отплата на тие кредити.".

Досегашните ст. 3 до 6 стануваат ст. 4 до 7.

Член 4

Во член 20 став 2 по зборовите: „и за своја сметка" се додаваат зборовите: „и од свое име и за сметка на организацијата на здружен труд и на други општествени правни лица".

Член 5

Во член 22 ставот 2 се менува и гласи:

„Банката овластена за работи со странство може да ги користи кредитите од став 1 на овој член под услов за користење на рамковен кредит или на кредитна линија сите корисници на рамковниот кредит или на кредитната линија заеднички да ги исполнуваат условите од член 15 на овој закон. Банката овластена за работи со странство може да користи странски кредит ако организациите на здружен труд со договор се обврзат дека ги прифаќаат условите и намената за користење на рамковниот кредит или на кредитната линија.".

Член 6

Во член 36 став 2 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ако предвременото намирување на обврските со динари во земјата односно ако предвремената отплата спрема странство е овозможена под условите и на начинот од чл. 13 до 13ж на овој закон.".

Член 7

Во член 43 став 1 зборовите: „од 200.000 до 10,000.000" се заменуваат со зборовите: „од 4,500.000 до 45.000.000".

По точка 5 се додаваат нови точ. 6, 7, 8 и 9, кои гласат:

„6) ако не обезбеди динарска противвредност на средствата за намирување на обврските по новото репрограмирање, на начинот и во роковите утврдени со планот за отплата што важел пред новото репрограмирање односно на начинот предвиден со програмата за траењето на санацијата за време на санацијата, односно на стечајната постапка или ако издвоените средства за тие цели не ги водел во посебна евиденција во своето книговодство, или не ги зголемува во согласност со сојузниот закон со кој се уредува сметководството (член 50а ст. 1, 3 и 4);

7) ако не обезбеди динарска противвредност за плаќање на обврските по странски кредит што втасале во периодот од 30 јуни 1987 година до денот на влегувањето на овој закон во сила, а биле во состојба на мирување и се вклучени во новото репрограмирање, според курсот што важи на денот на обезбедувањето на динарската противвредност или не ги води во посебна евиденција во своето книговодство или тие обврски не ги распореди рамномерна на преостанатите рати според првобитниот план за отплата односно во пократок рок, ако е тоа поповолна за корисникот на странскиот кредит (член 50а став 5);

8) ако средствата издвоени за отплата на рефинансираните односно репрограмираните обврски ги користи за намени за кои не можат да се користат според овој закон (член 50б и член 50в став 2);

9) Ако при донесувањето на одлука за привремено одлагање на обврските од член 50а на овој закон, кога за донесување на таа одлука се стекнале услови, не се придржува кон обврските што се пропишани при донесувањето на таква одлука со овој закон (член 50д).".

Во став 2 зборовите: „од 25.000 до 500.000 се заменуваат со зборовите: „од 250.000 до 2,500.000".

Член 8

Во член 44 став 1 зборовите: „од 200.000 до 10.000.000" се заменуваат со зборовите: „од 4,500.000 до 45,000.000".

По точка 5 се додаваат нови точ. 6, 7 и 8, кои гласат:

„6) ако на корисникот на странски кредит не му обезбеди полна реваloризација на динарскиот депозит или не ја примени договорената камата (член 50б став 2);

7) ако при одобрувањето на долгорочен кредит на корисникот на странски кредит не му даде оцена за неговата кредитна способност (член 50в став 2);

8) ако при донесувањето на одлука за привремено одлагање на обврската од член 50а на овој закон, кога за донесувањето на таа одлука се стекнале условите, не се придржува кон обврските што се пропишани со овој закон за донесувањето на таква одлука (член 50д).".

Во став 2 зборовите: „од 25.000 до 500.000" се заменуваат со зборовите: „од 250.000 до 2,500.000".

Член 9

Во член 46 став 1 зборовите: „од 50.000 до 500.000" се заменуваат со зборовите: „од 450.000 до 4,500.000".

По точка 2 се додава точка 3, која гласи:

„3) ако врши работи на конверзија без одобрение од Народната банка на Југославија (член 13д став 2)".

Во став 2 зборовите: „од 10.000 до 100.000" се заменуваат со зборовите: „од 100.000 до 1,000.000".

Член 10

По член 50 се додаваат нови чл. 50а, 50б, 50в, 50г, 50д и 50ѓ, кои гласат:

„Член 50а

Кога федерацијата, врз основа на сојузен закон, е гарант за обврските по странски кредити што се рефинансираат односно се репрограмираат врз основа на склучениот Усогласен записник за консолидација на долгот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на владите доверители од 1988 година и склучената нова финансиска спогодба помеѓу странските комерцијални банки, како доверители, и Народната банка на Југославија и банките овластени за работи со странство, како должник од 1988 година (во натамошниот текст; ново репрограмирање), динарската противвредност на средствата за намирување на обврските по тие кредити, во периодот додека трае рефинансирањето односно репрограмирањето, ја обезбедуваат организациите на здружен труд и другите општествени правни лица (во натамошниот текст: корисниците на странски кредити) на начинот и во роковите утврдени со планот за отплата кој важел пред новото репрограмирање (во натамошниот текст: првобитниот план за отплата) и водат посебна евиденција во своето книговодство и ако тие обврски спрема странство се рефинансираат односно се репрограмираат.

Динарска противвредност од став 1 на овој член се должни да обезбедат и банките овластени за работи со странство или други општествени правни лица кои ќе преземат обврска по новото репрограмирање во согласност со одредбите на член 13а од овој закон.

Корисникот на странски кредит е должен, во периодот од денот на втасувањето на обврските спрема странство, по првобитниот план за отплата, до денот на потполното намирување на таа обврска врз основа на новото репрограмирање, да ги реваloризира средствата од став 1 на овој член во согласност со сојузниот закон со кој се уредува сметководството.

Корисникот на странски кредит кај кого се остварува програма за санација односно постапка на стечај ја обезбедува динарската противвредност во смисла на став 1 од овој член на начинот предвиден со програмата за санација, за време на траењето на санацијата односно на стечајната постапка.

Корисникот на странски кредит чии обврски за плаќање спрема странство втасале во период од 30 јуни 1987 година до денот на влегувањето на овој закон во сила, а кои биле во состојба на мирување и кои се вклучени во новото репрограмирање, е должен да обезбеди динарска противвредност на тие обврски, по курсот на денот на обезбедувањето на динарската противвредност и да води посебна евиденција во своето книговодство така што ќе ја распореди таа обврска рамномерно на преостанатите рати според првобитниот план за отплата односно во пократок рок ако е тоа поповолно за корисникот на странски кредит.

Член 50б

Средствата од член 50а на овој закон, до конечната отплата спрема странство, можат да се користат за:

1) вложувања во сопствени трајни обртни средства;

2) финансирање на сопствените развојни програми, во согласност со Заедничката методологија за оценување на општествената и економската оправданост на инвестициите и ефикасноста на инвестициите во Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/87);

3) вложувања во заеднички производни програми;

4) предвремено намирување на обврски по странски кредити во земјата со динари или предвремена отплата на обврски спрема странство низ работи на конверзија, ако банката овластена за работи со странство ги прифати обврските по новото репрограмирање;

5) купување на хартии од вредност;

6) давање во депозит кај банка овластена за работи со странство;

7) вложувања во производството на капитални блага заради извоз и изведување на инвестициони работи во странство;

8) за финансирање на извозни програми верификувани во согласност со сојузниот закон.

Ако корисникот на странски кредит уплати средства во депозит кај банка овластена за работи со странство, банката овластена за работи со странство е должна да обезбеди целосна реваloризација на динарскиот депозит и да ја примени договорената камата.

Ако корисникот на странски кредит предвремено ги намири со динари во земјата обврските по новото репрограмирање во согласност со одредбите на член 13а од овој закон, делумно или во целост одредбата на член 50а став 1 од овој член не се применува, за делот на предвремено намирената обврска. Обврските спрема странство во рокот на втасување по новото репрограмирање ги намирува банката овластена за работи со странство која ги презела односно она општествено правно лице кое врз основа на член 13а став 2 од овој закон со договор се обврзало дека го презема плаќањето спрема странство на обврската по кредитот.

Член 50в

Ако корисникот на странски кредит не ја води во посебна евиденција динарската противвредност во своето книговодство на начинот и во роковите од член 50а на овој закон, банката овластена за работи со странство може во тие рокови, во посебната евиденција на тој корисник, да ја води динарската противвредност од сопствени средства, во согласност со одредбата на член 28 став 3 од

овој закон, како долгорочен кредит на рок кој не може да биде пократок од рокот од новото репрограмирање. При одобрувањето на долгорочниот кредит банката овластена за роботи со странство е должна да ја цени кредитната способност на корисникот на странскиот кредит.

Корисникот на странски кредит средствата од став 1 на овој член може да ги користи за намените од член 50б на овој закон, со тоа што оцена за економската оправданост на користењето на тие средства дава банката овластена за работи со странство која и му одобрува долгорочен кредит.

Меѓусебните права и обврски на корисникот на странски кредит и банката овластена за работи со странство која одобрува долгорочен кредит се уредуваат со договор.

Одредбите на овој член се однесуваат и на корисниците на странски кредити од член 50а став 4 на овој закон.

Член 50г

Корисникот на странски кредит е должен да обезбеди динарска противвредност за купување на девизи на единствениот девизен пазар заради намирување на втасаните обврски, вклучувајќи ги и каматите и другите трошоци за кредитот во роковите на втасување, задолжително според новото репрограмирање.

Член 50д

Ако корисникот на странски кредит не ја води во посебна евиденција во своето книговодство динарската противвредност на начинот и во роковите од член 50а на овој закон поради: ненавремено остварување на правото на слободно формирање на цените на своите производи, или ненавремено остварување на правото на покривање на курсните разлики по основ на сојузниот закон или ненавремено остварување на правото од основот поврат на царини и давачки или учество на втасаните обврски по кредити на меѓународни финансиски организации со над 50% од вкупните обврски по странски кредити во тековната година, или ако банката областена за работи со странство која издала гаранција по тој кредит не постапи во смисла на член 50в од овој закон, органот на управување на корисникот на странски кредит врз основа на периодичната пресметка на резултатите од работењето за периодот јануари-јуни од тековната година, односно врз основа на годишната пресметка на резултатите од работењето за периодот јануари-декември тековната година што се поднесува до службата на општественото книговодство во согласност со Законот за сметководството („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/89) може со одлука привремено да ја одложи обврската од член 50а на овој закон најмногу до 70% од таа обврска на рок кој одговара на рокот во кој ќе бидат отстранети причините од овој член, а не подолго од три години од денот на донесувањето на одлуката за одлагање на обврската.

Член 50ѓ

По исклучок од одредбите на член 50а од овој закон, корисниците на странски кредит кои остваруваат право на покривање на курсните разлики според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува покривањето на курсните разлики по определени странски кредити, се должни динарската противвредност од член 50а став 1 на овој закон да ја обезбедат во височина на делот од отплатата на странскиот кредит кој паѓа врз нивни товар, а остатокот кој претставува пресметана а ненаплатена курсна разлика според одредбите на тој закон ја пресметуваат и евидентираат како ненаплатени побарувања, сè до конечната реализација односно наплата.".

Член 11

Одредбите на член 2 од овој закон се применуваат и на работите на конверзија за кои се дадени одобренија пред влегувањето на овој закон во сила, со тоа што истите можат да се реализираат во согласност со издадената согласност најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето на овој закон во сила.

Член 12

По исклучок од одредбата на член 13г став 2 од Законот за кредитните односи со странство, во 1989 година работите на извоз на стоки и услуги со наплата во динари од конверзија на долг или со конверзија за долг ќе се одобрат врз основа на критериумите од став 1 на тој член ако станува збор за извоз кој може да се оствари само со таква наплата или ако станува збор за редовен извоз, под услов порастот на вредноста на извозот на подносителот на барањето во тековната година да биде поголем од порастот на извозот предвиден со проекцијата на платниот биланс на Југославија, и тоа најмалку за износот на обврските по долгот кој со работа на конверзија се отплатува предвремено или под услов вредноста на извозот на подносителот на барањето да е поголема за двократен или поголем износ на обврската по долгот кој се отплатува предвремено со работа на конверзија.

Член 13

Прописот од член 1 став 1 на овој закон Сојузниот извршен совет ќе го донесе до почетокот на примената на овој закон.

Член 14

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 април 1989 година.

190.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ШТО ВО 1989 ГОДИНА СЕ КОРИСТАТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за привремено утврдување на приходите на федерацијата што во 1989 година се користат за потребите на стопанството, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година.

П бр. 950
9 март 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Ранф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ШТО ВО 1989 ГОДИНА СЕ КОРИСТАТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Член 1

За потребите на стопанството се отстапуваат во 1989

година од остварените приходи на федерацијата од царина од посебната давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки и од давачката за царинско евидентирање и се пренесуваат при секоја уплата на посебни сметки кај Службата на општественото книговодство на Југославија:

1) 33,67% за поврат на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на економските односи со странство.

За поврат на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат се отстапува и вкупниот приход остварен од посебни давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи и се пренесува при секоја уплата на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на економските односи со странство;

2) 4,33% за општа стопанска пропаганда и општа туристичко-информативна дејност спрема странство, а најмногу до 81,700,000.000 динари - на посебна сметка на Стопанската комора на Југославија;

3) 2,73% за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе, а најмногу до 283.100.000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството;

4) 2,94% за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија, а најмногу до 271.600,000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на науката, технологијата и информатиката;

5) 19,66% за покритие на курсните разлики и каматите кај Народната банка на Југославија по депонираното девизно штедење - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите;

6) 7,21% за стоковни резерви на федерацијата, а најмногу до 656.500,000.000 динари - на посебна сметка на Сојузната дирекција за стоковни резерви;

7) 0,23% за регрес на дел од каматите според одредбите на член 6 од Општествениот договор за посебните мерки за најбрз развој на САП Косово во периодот од 1986 до 1990 година, а најмногу до 21,200,000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Средствата од став 1 на оваа точка, сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите ќе и ги пренесе на оваа организација на здружен труд за регрес на каматите по кредитите што ги користи од член 6 на Општествениот договор за посебните мерки за најбрз развој на САП Косово во периодот од 1986 до 1990 година, а врз основа на документацијата за користењето на кредитите заверена од соодветната служба на општественото книговодство;

8) 1,10% за кредитирање на извозот на опрема, бродови и изведувањето на инвестициони работи на кредит во странство преку Југословенската банка за меѓународна економска соработка, а најмногу до 100.000,000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите.

Издвоените средства од став 1 на оваа точка сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите ќе и ги пренесе на Југословенската банка за меѓународна економска соработка, на име основачки влог на федерацијата;

9) 4,35% за регрес на дел од каматите на кредитите што се користат за намени во рамките на селективната програма во земјоделството, а најмногу до 343.000,000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството;

10) 0,21% за финансирање на изградбата на заедничката југословенско-унгарска железничка станица кај Суботица и за обезбедување на дел од средствата заради вршење на железнички товарен сообраќај меѓу СФРЈ и НСР Албанија, а најмогу до 16.776,000.000 динари - на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се користат, а најмногу до 9.087,000.000 динари, за финансирање на изградбата на заедничката југословенско-унгарска железничка станица кај Суботица.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се користат, а најмногу до 7.689,000.000 динари, за обезбедување на дел од средствата заради вршење на железнички товарен сообраќај меѓу СФРЈ и НСР Албанија.

Средствата од став 2 на оваа точка ќе се користат по донесувањето на сојузен закон за обезбедување на средства за финансирање на изградбата на заедничката југословенско-унгарска железничка станица кај Суботица.

Средствата од став 3 на оваа точка ќе се користат по донесувањето на сојузен закон за обезбедување на средствата заради вршење на железнички товарен сообраќај помеѓу СФРЈ и НСР Албанија;

11) 13,38% за покритие на курсните разлики по определени странски кредити на посебна сметка на Народната банка на Југославија.

Во износите за одделни намени утврдени во став 1 од овој член се засметуваат и средствата издвоени за тие намени врз основа на чл. 1 и 2 од Законот за привремено утврдување на приходите на федерацијата што за периодот од 1 јануари до 28 февруари 1989 година се користат за потребите на стопанството („Службен лист на СФРЈ" бр. 77/88).

По издвојувањето на средствата утврдени за одделни намени во точ. 2), 3), 4), 6), 7), 8), 9) и 10) во смисла на ст. 1 и 2 од овој член, се престанува со издвојувањето, а повеќе издвоените средства ќе се пренесат во Буџетот на федерацијата за 1989 година.

Член 2

Од остварените приходи од основниот данок на промет на нафтени деривати, при секоја уплата на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите кај Службата на општественото книговодство на Југославија се пренесува делот што и припаѓа на федерацијата, а најмногу до 846.000,000.000 динари, за намените од Законот за условите и начинот на обезбедување и користење на средствата за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод, и тоа.

1) моторен бензин	
- МБ - 86	13,340%
- МБ - 98	11,879%
- БМБ - 95	10,920%
2) гасно масло-дизел гориво	
- Д - 1	11,510%
- Д - 2	11,851%
- Д - 3	12,276%
3) масло за горење екстра лесно (ЕЛ)	67,083%
4) масло за горење лесно специјално (ЛС)	67,439%
5) масло за горење	
- лесно (Л)	62,065%
- средно (С)	62,065%
- средно никсосулфурно (СНС)	62,065%
- тешко (Т)	62,065%
- тешко високосулфурно (ТВС)	62,065%

Во износот од 846.000,000.000 динари се засметуваат средствата издвоени за намените од став 1 на овој член, врз основа на Законот за привремено утврдување на приходите на федерацијата што за периодот од 1 јануари до 28 февруари 1989 година се користат за потребите на стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/88), на Одлуката за утврдување на надоместот за посебни намени што им се додава на цените на нафтените деривати („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/89) и овој закон.

По издвојувањето на средствата утврдени во смисла на ст. 1 и 2 од овој член се престанува со издвојувањето, а повеќе издвоените средства ќе им се пренесат на републиките и на автономните покраини за патното стопанство.

Член 3

Остварениот приход од основниот данок на промет на тутунски преработки, делот што и припаѓа на федерацијата, се пренесува за компензации за определени производи, а најмногу до 112.500,000.000 динари на посебна сметка на сојузниот орган на управата надлежен за работи на стопанството кај Службата на општественото книговодство на Југославија.

Со средствата од став 1 на овој член ќе се врши намирување на обврските по основ на компензации за определени производи создадени од 1 јануари до 28 февруари 1989 година.

По намирувањето на обврските од став 2 на овој член, ќе се престане со издвојувањето на средства, а повеќе издвоените средства ќе се пренесат во Буџетот на федерацијата за 1989 година.

Во износот утврден во став 1 на овој член се засметуваат и средствата издвоени за оваа намена по намирувањето на обврските создадени до 31 декември 1988 година, врз основа на Законот за привремено утврдување на приходите на федерацијата што за периодот од 1 јануари до 28 февруари 1989 година се користат за потребите на стопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/88).

Во вкупниот износ на средствата за компензации за определени производи се засметуваат средствата издвоени за оваа намена врз основа на овој закон и на Законот за привремено утврдување на приходите на федерацијата што за периодот од 1 јануари до 28 февруари 1989 година се користат за потребите на стопанството („Службен лист на СФРЈ" бр. 77/88).

Член 4

Стопанската комора на Југославија пренесените средства на посебна сметка од член 1 точка 2) на овој закон, најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на средствата, ќе ги пренесе на посебни потсметки, и тоа: 35,30%, а најмногу до 28.840,000.000 динари на потсметката за општа стопанска пропаганда и 64,70%, а најмногу до 52.860,000.000 динари на потсметката за општа туристичко-информативна дејност спрема странство.

Член 5

Средствата од член 1 точка 1) на овој закон се користат сразмерно со остварениот извоз и девизен прилив, предвидени со Одлуката за заедничката девизна политика и проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1989 година.

Средствата од член 1 точка 2) на овој закон се користат во согласност со извршувањето на програмата за општа стопанска пропаганда и општа туристичко-информативна дејност спрема странство.

Средствата од член 1 точ. 3), 4), 5), 6), 8), 9), 10) и 11) се користат во согласност со сојузниот закон.

Средствата од член 2 на овој закон се користат во согласност со сојузниот закон.

Средствата од член 3 на овој закон се користат во согласност со сојузниот закон.

Член 6

Со средствата од член 1 точ. 1) и 3) на овој закон ќе се исплатуваат обврските по налозите за плаќање до 31 декември 1989 година примени во Службата на општественото книговодство на Југославија до 10 јануари 1990 година.

На износот на втасаните а ненамирени обврски по примените барања од став 1 на овој член во Службата на општественото книговодство на Југославија нема да се пресметува камата.

Член 7

Службата на општественото книговодство на Југослаивја и Народната банка на Југославија вршат контрола на користењето на средствата за потребите на стопанството, водат евиденција и поднесуваат извештаи за користењето на тие средства. Начинот на водење евиденција и поднесување извештаи за користењето на средствата за враќање на царината и другите увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат и за општа стопанска пропаганда и општа туристичко-информативна дејност спрема странство го пропишува Сојузниот извршен совет.

Водењето на евиденција и поднесувањето на извештаи за користењето на средствата од член 1 точ. 3), 4),5), 6), 8), 10) и 11) се вршат во согласност со посебен сојузен закон.

Евиденција за користењето на средствата за намените од член 1 точка 7) врши сојузниот орган на управата надлежен за работи на финасиите и за тоа му поднесува извештај на Собранието на СФРЈ.

Водењето на евиденција и поднесувањето извештаи за користењето на средствата од чл. 2 и 3 на овој член се вршат во согласност со сојузен закон.

Член 8

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на економските односи со странство, сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството, сојузниот орган на управата надлежен за работи на науката, технологијата и информатиката, сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, сојузниот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот и врските, сојузниот орган на управата надлежен за работи на стопанството, Сојузната дирекција за стоковни резерви, Народната банка на Југославија и Стопанската комора на Југославија за средствата од посебните сметки од чл. 1, 2 и 3 на овој закон водат книговодства и донесуваат завршни сметки за 1989 година.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на економските односи со странство, сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството, сојузниот орган на управата надлежен за работи на науката, технологијата и информатиката, сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските, сојузниот орган на управата надлежен за работи на стопанството и Сојузната дирекција за стоковни резерви можат дел од работите што се однесуваат на евиденцијата за средствата на посебната сметка од чл. 1, 2 и 3 на овој закон да ѝ доверат на Службата на општественото книговодство на Југославија или на друга специјализирана организација.

Надоместот за вршење на работите од став 2 на овој член се утврдува со договорот помеѓу сојузните органи на управата од тој став и извршителот на работите.

Собранието на СФРЈ ги потврдува завршните сметки од став 1 на овој член.

Член 9

Приходите од царина, од посебната давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки, од давачката за царинско евидентирање и од посебните давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи за стоки увезени до 31 декември 1989 година, што ќе се наплатат од 1 док 31 јануари 1990 годиан, се уплатуваат во корист на посебните сметки од член 1 на овој закон за 1989 година.

Трошоци на платниот промет и другите трошоци настанати во врска со работењето со средствата за потребите на стопанството што се утврдуваат со овој закон се покриваат од тие средства.

Член 10

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист СФРЈ".

191.

Врз основа на член 279 ст. 2 и 5 и член 286 став 2 точка 4 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и на точка 3 потточка 2) од Амандманот XL на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 1 став 3 од Законот за обезбедувањето и користењето на средства на поттикнување на технолошкиот развој на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 84/81), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 9 март 1989 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1989 ГОДИНА

1. За поттикнување на технолошиот развој на Југославија за 1989 година се утврдуваат средства во износ од 407.400,000.000 динари.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се обезбедат:

а) од изворните приходи на федерацијата во височина од 0,08% на проценетиот општествен производ на вкупното стопанство на Југославија за 1989 година, во износ од 271.600,000.000 динари;

б) од придонесот на републиките и на автономните покраини во височина од 0,04% од проценетиот општествен производ на вкупното стопанство на Југославија за 1989 година, во износ од 135.800,000.000 динари.

3. Придонесот од точка 2 под б) на сваа одлука, по одделни републики и автономни покраини, изнесува:

	Динари
СР Босна и Херцеговина	17.939,180.000
СР Македонија	7.360,360.000
СР Словенија	25.802,000.000
СР Србија	30.038,960.000
САП Војводина	14.163,940.000
САП Косово	3.069.080.000
СР Хрватска	34.846,280.000
СР Црна Гора	2.580,200.000

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 582
9 март 1989 година
Белград

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Абаз Казази, с. р.

192.

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/78 и 58/85), по прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ ЗА ПОКРИТИЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ИСПРАВНОСТ НА ЖИВОТНИТЕ НАМИРНИЦИ И НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА ШТО СЕ УВЕЗУВААТ

1. Во Одлуката за височината и начинот на плаќање на надоместот за покритие на трошоците за утврдување на здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба што се увезуваат („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/79, 50/85 и 51/88) во точка 1 во одредбата под 2 бројот: „10.000" се заменува со бројот: „30.000".

2. Во точка 2 став 1 бројот: „18.000" се заменува со бројот: „75.000".

3. Во точка 3 бројот: "6.500" се заменува со бројот: „24.000".

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 102
9 февруари 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Милош Милосављевиќ, с. р.

193.

Врз основа на член 36 од Законот за основите на системот на стоковните резерви и за сојузните стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/84 и 34/86), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ИЗНОСОТ НА ДИНАРСКАТА ПРОТИВВРЕДНОСТ НА СТОКИТЕ ДАДЕНИ НА ЗАЕМ ОД СОЈУЗНИТЕ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

1. Сојузната дирекција за стоковни резерви пресметува и наплатува камата на износот на динарската противвредност на стоките дадени на заем од сојузните стоковни резерви заради интервенција на пазарот, ако заемопримачот како средство на обезбедување положи гаранција на банка, по стапка од 5% годишно.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува на важи Одлуката за каматните стапки на износот на динарската противвредност на стоките дадени на заем од сојузните стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/85).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 113
2 март 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

194.

Врз основа на член 49 став 4 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81, 41/83 и 75/85), претседателот на Сојузниот киомитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА КОНЕЧНО УТВРДУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ИЗНОСИ НА ЛИЧНАТА ИНВАЛИДНИНА, НА СЕМЕЈНАТА ИНВАЛИДНИНА И НА ЗГОЛЕМЕНАТА СЕМЕЈНА ИНВАЛИДНИНА, ДОДАТОКОТ ЗА НЕГА И ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРУГО ЛИЦЕ И НА ОРТОПЕДСКИОТ ДОДАТОК ЗА 1988 ГОДИНА

1. Месечните парични износи на личната инвалиднина, на семејната инвалиднина и на зголемената семејна инвалиднина, додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток конечно се утврдуваат за 1988 година (во согласност со порастот на просечниот мессечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1988 година во однос на 1987 година од 171,7%) и изнесуваат:

1) личната инвалиднина:

Група	Динари
I	718.540
II	520.730
III	390.380
IV	290.940
V	207.160
VI	128.400
VII	86.870
VIII	41.890
IX	31.260
X	21.130

2) семејната инвалиднина и зголемената семејна инвалиднина:
- за еден корисник на семејна инвалиднина (член 36 став 2 од Законот на основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци) ... 46.780
- за еден корисник на семејна инвалиднина што тоа право го остварува како член на семејство на паднат борец (член 36 став 3 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци) 93.550
- зголемената семејна инвалиднина (член 39 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци) 249.480

3) додатокот за нега и помош од страна на друго лице:
- за прв степен 616.000
- за втор степен 473.880
- за трет степен 331.750

4) ортопедскиот додаток:
- за прв степен 207.870
- за втор степен 158.650
- за трет степен 102.180
- за четврти степен 49.440

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 196
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

195.

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 21/74, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85) и член 11б од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден Карађорђева звезда со мечеви, со Орден Бел орел со мечеви и со Златен медал на Облилић („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 22/73, 33/76, 68/81 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ГОДИШНОТО ПАРИЧНО ПРИМАЊЕ ПО ОСНОВ НА ОРДЕН НА НАРОДЕН ХЕРОЈ И ОРДЕН КАРАЂОРЂЕВА ЗВЕЗДА СО МЕЧЕВИ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Годишното парично примање по основ на Орден на народен херој и Орден Карађорђева звезда со мечеви за 1989 година изнесува 590.900. динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05/1 Бр. 197/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

196.

Врз основа на член 24 став 4 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941", („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), член 25 став 4 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85) и член 18 став 4 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 21/74, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашање на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ОСНОВОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОКОТ КОН ПЕНЗИЈАТА ОД 1 ЈАНУАРИ 1989 ГОДИНА

1. Основот за определување на додатокот кон пензијата според Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941", Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година и Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој од 1 јануари 1989 година изнесува 501.080 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05/1 Бр. 199/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

197.

Врз основа на член 24 став 4 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), член 25 став 4 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85) и член 11б од Законот за основните права на лицата одликувани со орден Карађорђева звезда со мечеви, со орден Бел орел со мечеви и со Златен медел на Обилић („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 22/73, 33/76, 68/81 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОГРЕБ НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941", НА БОРЦИТЕ ОД ШПАНСКАТА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНА И РЕВОЛУЦИОНЕРНА ВОЈНА ОД 1936 ДО 1939 ГОДИНА И НА ЛИЦАТА ОДЛИКУВАНИ СО ОРДЕН КАРАЃОРЃЕВА ЅВЕЗДА СО МЕЧЕВИ ВО 1989 ГОДИНА

1. Надоместот на трошоците за погреб на носителите на „Партизанска споменица 1941", на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година и на лицата одликувани со орден Карађорђева звезда со мечеви во 1989 година изнесува 1,418.170 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05/1 Бр. 200/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

НАРЕДБА

ЗА КОНЕЧНО УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ОСНОВОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНОТО МЕСЕЧНО ПАРИЧНО ПРИМАЊЕ ЗА 1988 ГОДИНА

1. Во согласност со порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1988 година во однос на 1987 година од 171,7%, конечно се утврдува височината на основот за определување на постојаното месечно парично примање според Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941" и Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година за 1988 година во износ од 501.080 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05 Бр. 202/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

198.

Врз основа на член 3а став 4 од Законот за боречкиот додаток („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76, 32/81, 68/81 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА КОНЕЧНО УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК ЗА 1988 ГОДИНА

1. Во согласност со порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1988 година во однос на 1987 година од 171,7%, конечно се утврдува височината на основот за определување на боречкиот додаток за 1988 година во износ од 501.080 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05 Бр. 201/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

199.

Врз основа на член 24 став 6 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85) и член 25 став 6 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

200.

Врз основа на член 18 став 6 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 21/74, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА КОНЕЧНО УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ПОСТОЈАНОТО МЕСЕЧНО ПАРИЧНО ПРИМАЊЕ ЗА 1988 ГОДИНА

1. Врз основа на порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1988 година во однос на 1987 година од 171,7%, конечно се утврдува височината на постојаното месечно парично примање според Законот за основните права на лицата одликувани со Орденот на народен херој за 1988 година во износ од 501.080 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05 Бр. 203/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

201.

Врз основа на член 19 став 4 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 21/74, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОГРЕБ НА ЛИЦА ОДЛИКУВАНИ СО ОРДЕН НА НАРОДЕН ХЕРОЈ ВО 1989 ГОДИНА

1. Надоместот на трошоците за погреб на лица одликувани со Орден на народен херој во 1989 година изнесува до 2,363.610 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на обавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05 Бр. 204/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Милан Шешлија, с. р.

202.

Врз основа на член 24 став 4 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85) и член 25 став 4 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 25/85 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашање на борците и воените инвалиди издава

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ГОДИШНОТО ПАРИЧНО ПРИМАЊЕ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА „ПАРТИЗАНСКА СПОМЕНИЦА 1941" И НА БОРЦИТЕ ОД ШПАНСКАТА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНА И РЕВОЛУЦИОНЕРНА ВОЈНА ОД 1936 ДО 1939 ГОДИНА ЗА 1989 ГОДИНА

1. Годишното парично примање за закрепнување на носителите на „Партизанска споменица 1941" и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година за 1989 година изнесува 534.180 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

05 Бр. 198/1
27 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Иван Шешлија, с. р.

203.

Врз основа на чл. 29 и 62 од Законот за признавање на новосоздадените, одобрување да се воведат во производство странски и заштита на сорти земјоделски и шумски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/80), Сојузниот комитет за земјоделство објавува

ИЗМЕНА НА СПИСОКОТ

НА ПРИЗНАТИ НОВОСОЗДАДЕНИ ДОМАШНИ СОРТИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ШУМСКИ РАСТЕНИЈА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Во Списокот на признати новосоздадени домашни сорти земјоделски и шумски растенија во Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/87, во Легендата на називите и седиштата на создавачот на сортата односно на подносителот на барањето за признавање на сорта – Прилог 1, во редниот број 53 во колона 3 зборовите: „ПИК Вуковар СОУР, РО Пољопривреда, ООУР Ратарство, Дунавска 2, 56230 Вуковар", се заменуваат со зборовите: „Пољопривредна станица Вуковар, Дунавска 2, 56230 Вуковар".

Бр. 1405/3
22 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
Сава Вујков, с. р.

204.

Врз основа на чл. 29 и 62 од Законот за признавање на новосоздадените, одобрување да се воведат во производство странски и заштита на сорти земјоделски и шумски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/80), Сојузниот комитет за земјоделство објавува

ИЗМЕНИ НА СПИСОКОТ

НА СТРАНСКИ СОРТИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ШУМСКИ РАСТЕНИЈА ЗА КОИ Е ОДОБРЕНО ВОВЕДУВАЊЕ ВО ПРОИЗВОДСТВО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Во Списокот на странски сорти земјоделски и шумски растенија за кои е одобрено воведување во производство во Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/87), во Легендата на називите и седиштата на создавачот на сортата и поднесувачот на барањето за одобрување воведување странска сорта во производство во Социјалистичка Федеративна Република Југославија – Прилог 1, во редниот број 9 во колона 3 зборовите: „ПИК Вуковар СОУР, РО Пољопривреда, ООУР Ратарство, Дунавска 2, 56230 Вуковар", се заменуваат со зборовите: „Пољопривредна станица Вуковар, Дунавска 2, 56230 Вуковар".

Во редниот број 32 во колона 3 зборовите: „ПИК Вуковар", се заменуваат со зборовите: „Пољопривредна станица Вуковар".

Бр. 1405/4
22 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
Сава Вујков, с. р.

205.

Врз основа на член 66 став 1, во врска со член 65 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското сигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/85 и 74/87), Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ НА АКТИВНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА

1. Старосните, инвалидските и семејните пензии се усогласуваат со движењето на номиналните лични доходи

на активните воени лица така што од 1 јануари 1989 година се зголемуваат за процентот за кој се зголемени личните доходи на активните воени лица од соодветен чин, односно класа.

2. Усогласувањето на пензиите по оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесувањето на поединечни решенија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 11-1
9 март 1989 година
Белград

Собрание на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници

Претседател
на претседателството,
генерал-полковник во пензија,
Дане Петковски, с. р.

206.

Врз основа на член 22 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ПЛАСМАНИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА И НА ДРУГИ ПОБАРУВАЊА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на други побарувања на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87, 29/88, 35/88, 40/88, 44/88, 54/88, 59/88, 66/88, 72/88, 76/88 и 8/89) точката 4 се менува и гласи:

„4. Есконтната стапка на Народната банка на Југославија за март 1989 година изнесува 21,9% месечно".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 23
9 март 1989 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот
на гувернерите
заменик на гувернерот
на Народната банка на
Југославија
Митја Гаспар, с. р.

УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГАБОН И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГАБОН

I

Се отповикува
Никола Шкрељи од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Габон.

II

Се назначува
професор д-р Чедомир Штрбац, досегашен научен советник на Институтот за меѓународно работничко движење, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Габон.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 2
6 февруари 1989 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

176. Закон за привремени мерки за регулирање на курсните разлики и на каматите по девизните обврски кај Народната банка на Југославија — 413
177. Закон за привремени мерки за претсметката на приходите и расходите за намирување на обврските на федерацијата спрема Народната банка на Југославија за 1989 година — — — — 414
178. Закон за привремени мерки за измени и дополненија на Законот за одлагање на враќањето на кредитите и другите плаќања на овластените банки од територијата на СР Македонија, СР Црна Гора и САП Косово — — — — — — — 415
179. Закон за привремена мерка за измени и дополненија на Законот за условите и начинот на обезбедување и користење на средствата за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод — — — — — — — — — — 415
180. Закон за привремена претсметка на средствата за 1989 година за покритие на курсните разлики, каматите и другите трошоци настанати по основ на увозот на нафта и нафтени деривати во периодот од 1980 година и за покритие на курсните разлики за Југословенскиот нафтовод 417

Страна

181. Закон за привремени мерки за обезбедување средства за регрес на дел од каматата на кредитите што во 1989 година се користат за намени во рамките на селективната програма во земјоделството и за нивното користење — — 417
182. Закон за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1989 година — — — — — — — — — — — — — — — — — — 413
183. Закон за измени и дополненија на Законот за финансирање на федерацијата — — — — — — — 419
184. Закон за привремена претсметка на приходите и расходите на курсните разлики по определени странски кредити за 1989 година — — — — 420
185. Закон за привремени мерки за обезбедување на дел од средствата од примарната емисија заради временско премостување на притекувањето на средствата за отстранување на последиците од поплавите што во 1988 година го погодија подрачјето на Социјалистичка Република Србија — — — — — — — — — — — — — — — — — — 412
186. Закон за измени и дополненија на Законот за обезбедување средства за регрес за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетно сортно семе — — — — — — — — 421
187. Закон за измени и дополненија на Законот за обезбедување и користење на средствата за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — 422
188. Закон за дополнение на Законот за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за техничко-технолошка модернизација на сојузните органи за периодот од 1987 до 1990 година — — — — — — — — — 423
189. Закон за измени и дополненија на Законот за кредитните односи со странство — — — — — — 423
190. Закон за привремено утврдување на приходите на федерацијата што во 1989 година се користат за потребите на стопанството — — — — — 427
191. Одлука за утврдување на средствата за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија за 1989 година — — — — — — — — — — — — — — 429
192. Одлука за измени на Одлуката за височината и начинот на плаќање надомест за покритие на трошоците за утврдување на здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба што се увезуваат — 429
193. Одлука за каматните стапки на износот на динарската противвредност на стоките дадени на заем од сојузните стоковни резерви — — — — 429
194. Наредба за конечно утврдување на месечните парични износи на личната инвалиднина, семејната инвалиднина и зголемената семејна инвалиднина, додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток за 1988 година — — — — — — — — — — — 429
195. Наредба за утврдување на височината на годишното парично примање по основ на Орден на народен херој и орден Карађорђева звезда со мечеви за 1989 година — — — — — — — — — 430
196. Наредба за утврдување на височината на основот за определување на додатокот кон пензијата од 1 јануари 1989 година — — — — — — — 431
197. Наредба за утврдување на височината на надоместот на трошоците за погреб на носителите на „Партизанска споменица 1941", на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година и на лицата одликувани со орден Карађорђева ѕвезда со мечеви за 1989 година — — — — — — 431
198. Наредба за конечно утврдување на основот за определување на боречкиот додаток за 1988 година — — — — — — — — — — — — — — — — 432
199. Наредба за конечно утврдување на височината на основот за определување на постојаното месечно парично примање за 1988 година — — — 432
200. Наредба за конечно утврдување на височината на постојаното месечно парично примање за 1988 година — — — — — — — — — — — — — — — 432
201. Наредба за утврдување на износот на надоместот на трошоците за погреб на лицата одликувани со Орден на народен херој во 1989 година 432
202. Наредба за утврдување на височината на годишното парично примање за закрепнување на носителите на „Партизанска споменица 1941" и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година за 1989 година — — — — — — — 433
203. Измена на Списокот на признати новосоздадени домашни сорти земјоделски и шумски растенија во Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — — — — 433
204. Измени на Списокот на странски сорти на земјоделски и шумски растенија за кои е одобрено воведување во производство во Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — 433
205. Одлука за усогласување на пензиите со движењето на номиналните лични доходи на активните воени лица — — — — — — — — — 433
206. Одлука за измена на Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на други побарувања на Народната банка на Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — 434

Укази — 434

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник ВОИСЛАВ СОЛДАТОВИЌ. – Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел. 650-155 лок. 35. – Печати: Белградски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.